# АВТОМОБИЛИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
# АВТО И КАРТИНГ СПОРТ

## ПОСЕБЕН ПРАВИЛНИК

## ЗА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА ПИЛОТИТЕ И НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ ВО АВТО И КАРТИНГ СПОРТ

*Март 2008*
*С к о п̄ ј е*

Врз основа на член 1 став 2 од Правилникот за авто спорт на Автомобилистичката федерација на Македонија,У.О на АФМ на својата седница одржана на 24.03.2008 година донесе:

# ПОСЕБЕН ПРАВИЛНИК
# ЗА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА ПИЛОТИТЕ
# И НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ ВО АВТО И КАРТИНГ СПОРТ

## I. НАТПРЕВАРУВАЧКИ ЛИЦЕНЦИ ЗА УЧЕСТВО НА АВТО И КАРТИНГ НАТПРЕВАРИ

### Член 1

Натпреварувачка лиценца Б1 (почетничка), А1 и А2 (Национален ранг) како и А3 интернационален ранг може да се издаде на пилот државјанин на Република Македонија ,кој ги исполнува општите услови утврдени во Правилникот за авто и картинг спорт, овој Правилник и Одлуките на У.О на АФМ.

### Член 2

Пилот кој поседува лиценца од Б ранг може да настапува на меѓуклубски картинг натпревари за Шампионатот на Македонија, а во натпреварите во автомобилизам само во групата “N - 2“.

### Член 3

Натпреварувачка лиценца од национален А1 ранг за учество на авто и картинг натпревари може да се издаде врз основа на:

**1.** пласман до 6 место во Шампионат на Македонија;
**2.** пласман до 3 место во меѓуклубски и регионални (или) гратски првенства;
**3.** потврда за завршена школа за спортско возење која е верифицирана од страна на У.О на АФМ.

По исклучок и на начин под услови утврдени со додаток на правилникот за тековната година, соодветна комисија на АФМ (комисиите за авто и картинг трки) може да одобри на натпревар од државен или меѓународен ранг да учествува пилот кој не поседува натпреварувачка (пилотска) лиценца од тие рангови.

**Член 4**

Пилотска и натпреварувачка лиценца од национален А2 или интернационален А3 ранг за учество на меѓународни авто и картинг натпревари може да се издаде на пилот кој во претходната сезона ги постигнал следниве резултати:

- авто трки: до 3 место во класа на Шампионатот на Македонија;
- авто рели: од 1 до 5 место во класа и од 1 до 10 место во генерален пласман на рели Шампионат на Македонија;
- картинг: од 1 до 3 место во класа на Шампионатот на Македонија;

Само во исклучителни случаи У.О на АФМ, може на предлог на соодветна стручна комисија (авто и картинг комисија), а по молба на АК/АКК и пилотот во тек на натпреварувачката сезона да издаде пилотска (натпреварувачка) лиценца од интернационален ранг, а пилотот да не ги исполнува условите пропишани во став 1 од овој член.

Како основа за добивање на пилотска (натпреварувачка) лиценца од интернационален ранг, покрај условите од став 1 од овој член може да послужи и доказ за завршено школо за спортско возење која ја признава FIA и CIK и чие име го објавила во својот годишник за тековната година, односно која ги признава АФМ..

Меѓународните лиценци за Европски и Светски натпревари се рангираат спрема правилата на FIA и CIK.

**Член 5**

Пилот кој има пилотска-натпреварувачка лиценца од повисок ранг може да учествува и на авто и картинг натпревари од понизок ранг.

**Член 6**

Натпреварувачката лиценца се издава за соодветна дисциплина во авто- и картинг спортот.

Ако еден пилот се бави со повеќе дисциплини, натпреварувачка лиценца се издава за секоја дисциплина посебно.

**Член 7**

Натпреварувачката лиценца се издава по барање на пилотот, преку неговиот автомобилистички клуб или автомобилистички картинг клуб.

Барањето за издавање на натпреварувачка лиценца се доставува на посебно пропишан образец. Пилотот е должен да ги даде сите потребни податоци пропишани во образецот.

Со барањето, пилотот е должен да достави две фотографии, лекарско уверение, уплата за издавање на лиценца, без кои натпреварувачката-пилотската лиценца нема да биде издадена.

Висината на уплатата за издавање на лиценца е определена со Одлука на У.О на АФМ.

**Член 8**

Натпреварувачка пилотска лиценца се издава со ограничен рок на важење за една календарска година и нејзината важност претставува со истекот на годината за која е издадена.

**Член 9**

Стекнатото право на добиена натпреварувачка лиценца од државен и интернационален ранг не се губи, без обзир дали во тој период пилотот активно се бавел со авто и картинг спорт,но не подолго од две години со престанок.

## II. РЕГИСТРАЦИЈА НА ПИЛОТИ И НАТПРЕВАРУВАЧИ И НАДЛЕЖНОСТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

**Член 10**

Регистрација на пилотите и натпреварувачите со државни лиценци и регистрација на пилотите со интернационална лиценца врши АФМ.

Во текот на една календарска година пилотот може да биде регистриран за еден матичен АК/АКК. Со исклучок истиот може да биде регистриран и за друг АК/АКК за одредена дисциплина со соглалсност на матичниот АК/АКК. Во тој случај се издават две натпреварувачки лиценци на матичното АК/АКК, за соодветните дисциплини.

**Член 11**

Организациите на АФМ од член 10 од овој Правилник, при регистрација на пилотите, а врз основа на исполнетите услови и членовите од 1 до 4 од овој Правилник, пилотите ги распоредуваат во соодветни рангови во смисол на член 32 од Правилникот за авто и картинг спорт на АФМ.

**Член 12**

Сите натпреварувачките лиценци од државен и интернационален ранг за авто и картинг спорт ги издава У.О на АФМ.

**Член 13**

Организациите на АФМ од член 12 став 2 од овој Правилник кои издаваат натпреварувачки лиценци, должни се за издадените натпреварувачки лиценци да водат евиденција за што редовно го известуваат АФМ.

Евиденција води и генералниот секретар на У.О на АФМ (при што формира картотека).

### Член 14

Сите натпреварувачки лиценци се издават на пропишан образец. Натпреварувачките лиценци од национален А1 и А2 ранг се изработуваат на црвено жолта основа со димензија 50 х 90 мм, на која се наоѓа фотографија на натпреварувачот, податоци за натпреварувацот и дисциплината за која се издава лиценцата, рангот, АК/АКК, крвна група со Рн фактор.

Натпреварувачките лиценци од интернационален ранг А3 се со истиот формат и содржина како националните со тоа што истите се испишани на Англиски јазик.

### Член 15

Интернационалните возачки и натпреварувачки лиценци за меѓународна авто и картинг трка (натпревар) се издава на обрасци кои се пропишани со меѓународните спортски правилници на FIA и CIK. FIA одржува посебни семинари за своите лиценци соодветно по дисциплини.

### Член 16

Натпреварувачки лиценци се издаваат на правни и физички лица кои настапуваат на авто и картинг натпревари.

Натпреварувачките лиценци кои се издаваат на правните лица се издаваат на ист начин како натпреварувачките лиценци кои се издаваат на пилотите.

Правните лица кои поседуваат натпреварувачка лиценца имаат исти права и должности како и пилотите, носители на натпреварувачки лиценци.

Барање за издавање на натпреварувачка лиценца за правно лице или спонзор мора да биде заведено од АК/АКК односно од правното лице носител на лиценцата.

## III. ПРОМЕНА НА АК/АКК ИЛИ ПРЕМИНУВАЊЕ ВО СТРАНСКИ НАЦИОНАЛЕН КЛУБ

### Член 17

Пилотите може да ги менуваат АК/АКК во време од 1 Јануари до 15 Февруари тековната година, до кога и се предаваат барањата за регистрација. Регистрацијата во АФМ се завршува најкасно до 1-ви Март, по овој рок не може да се одобри преминување на пилоти во друг АК/АКК без обзир на причините, освен ако матичниот АК/АКК не престане со работа.

### Член 18

Пилот може да премине во друго АК/АКК само ако има исписница од АК/АКК на кое порано му припаѓал. Во исписницата мора да биде назначено дека наведениот пилот нема никакви материјални и други обврски спрема АК/АКК од кое си оди и дека може да премине во друго АК/АКК по сопствен избор. Матичниот АК/АКК должно е да издаде исписница на барање на пилотот

кој го поднел барањето за исписница ако спрема него нема никакви материјални побарувања.

Во случај матичното АК/АКК да одбие да издаде исписница по писмено доставено барање на пилотот, поднесено во преодниот рок, настанатиот спор по барање на пилотот ќе го реши надлежниот орган (дисциплински судија) на АФМ. Дисциплинскиот судија не може да го реши спорот на пилотот доколку истиот не ги подмири сите материјални обврски од АК/АКК од кое бара да му издаде исписница. Меѓутоа доколку пилотот ги подмирил сите материјални обврски спрема матичниот АК/АКК, дисциплинскиот судија ќе го разгледа барањето и во принцип вообичаено донесува одлука-дозвола за премин на пилотот во друго АК/АКК кое ќе биде усвоено од У.О на АФМ.

Барањето за решавање на спорот се предава најкасно до 15 Февруари, а надлежните органи должни се да донесат одлука во рок од 15 дена.

Трошковите за решавање на аспорот ги сноси страната која ќе го изгуби истиот во износ по трошковникот на АФМ.

## IV. ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА НАТПРЕВАРИ

### Член 19

Натпреварувачите и пилотите се пријавуваат за учество на натпреварите во рокови пропишани од страна на организаторот утврдени со посебен Правилник за натпреварот. Пријавите се однесуваат на обрасци што се составен дел на посебниот правилник. Пријавите мора да бидат потпишани од страна на пилотите и копилотите (зависно од дисциплината) и заверени од матичниот АК/АКК.

Начинот на пријавување на екипа се регулира со додатокот на правилникот за тековната година (поодделно за секоја дисциплина).

Со потпишување на пријавите натпреварувачите и пилотите изјавуваат дека се натпреваруваат на сопствена одговорност и се одрекуваат од правото на побарување на надокнадата на причинетата штета на возилото или во случај на повреда, освен ако до штетата или повредата дошло по грешка или пропуст на организаторот.

### Член 20

Со поднесување на пријави од страна на натпреварувачите и пилотите и примање на пријавите од страна на организаторот, натпреварувачите и пилотите званично стекнуваат статус на учесници на натпреварот и од тој момент настануваат двостраните договорни обврски што се должни да ги почитуваат и извршуваат, како натпреварувачите и пилотите, така и организаторите.

Натпреварувачите и пилотите кои со своите возила се примени од страна на техничката и верификационата комисија на организаторот, должни се да учествуваат на натпреварот, доколку жирито на натпреварот констатира дека организаторот ги исполнил сите услови предвидени со Правилникот за авто и картинг спорт и соодветните додатоци на правилникот.

## V. УЧЕСТВО НА НАТПРЕВАРИ ВО СТРАНСТВО И ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИ

### Член 21

Пилотите може да настапат во странство индивидуално или во состав на репрезентација на Македонија.

Репрезентација на Македонија се сметат екипи на АФМ (по дисциплини) на меѓународен систем на натпревари на кои е предвидено рангирање на национални екипи (Балкански, Европски и други Шампионати).

Спрема укажани потреби, комисиите поставуваат поеделни спортски функционери за капитени или тренери на националните екипи во соодветни (одредени) дисциплини, кои се грижат за остварување на програмата за настап на екипите и поединците на натпреварите во странство.

### Член 22

За индивидуални настапи на авто и картинг натпревари во странство, пилотите бараат дозвола од АФМ преку својот матичен АК/АКК.

Во барањето треба да се наведе име на натпреварот, место, држава и дата на одржување, возило со кое се настапува на натпреварот и пријава за натпреварот евентуално копилот.

Дозволи за настап на натпревари во странство издава АФМ, со претходна согласност на стручна комисија, а во исклучителни случаи со согласност на генералниот секретар на АФМ.

Дозвола за настап на натпревар во странство не може да се издаде за натпревар кој не е впишан во меѓународниот календар на FIA, по исключок Стручната комисија на АФМ, или генералниот секретар, може да даде согласност за настап во странство за натпревар за кои ќе оцени дека допринесува за афирмација на АФМ и Р. Македонија.

### Член 23

Дозволите за настап во странство се издаваат на пропишан образец на кое се наоѓа име и презиме на натпреварувачот и пилотот евентуално копилотот, адреса, натпревар за кои дозволата се издава, дата на одржување, држава, возило со кое се натпреварува број на меѓународната лиценца и заверка на пријавата за споменатиот натпревар.

### Член 24

Составот на репрезентацијата на Македонија за настап во државата или странство ја одредува соодветната стручна комисијана дисциплината во која се одржува натпреварот а усвоена од страна на У.О. на АФМ .Репрезентацијата не може да учествува на натпревари кои не се впишани во меѓународни календари на FIA и CIK и слични асоцијации.

**Член 25**

АФМ учествува во припремите за настап на репрезентацијата на Македонија во согласност со усвоената програма за настап во тековната година.

**Член 26**

За време на натпреварите во странство пилотите мораат да носат на спортската униформа, на градите од левата страна амблем на АФ на Македонија, а на десната страна знаме на Р.Македонија.

## VI. ОПРЕМА ЗА АВТО И КАРТИНГ НАТПРЕВАРИ

**Член 27**

За време на тренинг и натпревар, пилотите се должни да носат заштитна опрема регулирана со додатоците на правилниците за тековната година.

Сите пилоти се должни достојно облечени во спортска опблека да пристапат на промоција на манифестацијата(свечено отварање на натпреварот),кој организаторот ја има предвидено со својот правилник и програма на натпреварот.

## VII. ОСИГИРУВАЊЕ

**Член 28**

За секој натпревар пилотите мораат да го осигураат својот живот во случај на несреќа на натпреварот.

При приемот на натпреварот пилотите се должни да ги покажат полисите за животно осигирување. Не може да се дозволи старт на тренинг или натпревар на пилоти кои од било кои причини не поседуваат полиси за осигурување на сопствениот живот на износи пропишани со додатоците на Правилникот за авто и картинг спорт на АФМ.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

Измени и дополнување на овој Правилник се вршат по истата постапка која важи за негово донесување, од страна на У.О. на АФМ.

Право на толкување на овој Правилник има У.О на АФМ.

**Член 30**

Овој Правилник стапува во сила осмиот ден од денот на неговото донесување.

.

**АВТОМОБИЛИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА**
**НА МАКЕДОНИЈА**
**УПРАВЕН ОДБОР**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

***Лазов Владимир с.р.***